4

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
КО бр. 344/22
03.05.2023 година
БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД 04 МАЈ 2023
Бр. ____________
____________ година
БИТОЛА

ДО

ОСНОВЕН СУД
БИТОЛА

Врз основа на чл. 39 ст.2 т.9 и чл.469 ст.1 од ЗКП, поднесувам,

# О Б В И Н И Т Е Л Е Н   П Р Е Д Л О Г

1. Љупчо Ѓоргиевски, од татко Бране и мајка Верка, роден на 05.11.1977 година во Битола, каде и живее на ул. "Довлеџик" бр.132, државјанин на РСМ, Бугарин, со ЕМБГ 0511977410074

ЗАТОА ШТО:

I

Во периодот од 16.04.2022 година до 22.03.2023 година како овластено лице на Здружението КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ИВАН МИХАЈЛОВ Битола, со седиште на ул. Довлеџик бр. 132 во Битола иако бил свесен дека на друг дискриминаторен начин ќе разгори омраза и нетрпеливост врз основа на етничка припадност, јазик, религија и општествен статус спрема припадниците на еврејската заедница во РСМ и припадниците на македонскиот народ, се согласил со тоа, па:

-иако согласно Централниот Регистер на РСМ, седиштето на Здружението КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ИВАН МИХАЈЛОВ Битола било регистрирано на ул. Довлеџик бр.132, просторот кој го користи Здружението КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ИВАН МИХАЈЛОВ Битола за своите активности го сместил на ул. Рузвелтова бр. 1, во т.н Еврејско Маало – познато како *Ла Маале* во Битола, односно на истата улица во која се наоѓа и објектот познат како *Пионерски дом,* а во кој пред Втората светска војна било сместено Здружението на Млади Евреи *Хашомер Хацеир* чии

членови биле активни учесници во НОВ како партизани, при што овој простор бил свечено отворен за користење за членовите на Здружението КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ИВАН МИХАЈЛОВ Битола на ден 16.04.2022 година-ден Шабат и прв ден Песах –еден од најголемите еврејски празници кога Евреите од целиот свет го слават ослободувањето од египетското ропство и

-со цел промоција на животот, идеологијата, рехабилитирање и осветлување на ликот и делото на Иван Михајлов што е декларирана цел на Здружението КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ИВАН МИХАЈЛОВ Битола согласно чл. 2 од Статутот на истото, дозволил поставување на влезот во просториите на Здружението на ул. Рузвелтова бр. 1 во Битола табла на која е наведен цитат од Иван Ванчо Михајлов со која се негира посебноста на македонската нација со содржина *Можеме да се гордееме, бидејќи знамињата на ВМРО и Илинден беа и остануваат човекови права и слободи. Значи залудни се напорите на маскираната македонска "нација" да го лаже светот. Вистината ќе победи. Ваш Иван Михајлов*

со што разгорил чувства на омраза и нетрпеливост спрема претставниците на еврејската заедница во Македонија и припадниците на македонскиот народ кои чувства ги поттикнувал лично за време на својот живот и самиот Иван (Ванчо) Михајлов како соработник на Анте Павелиќ, Мусолини и Адолф Хитлер и поддржувач на фашистичката и нацистичка идеологија која довела до скоро целосно истребување на Евреите од Македонија, односно како дел од неговото константно негирање на посебноста на македонскиот народ,

со кои дејствија обвинетиот сторил едно продолжено кривично дело *Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторна основа* од член 319 ст.1 од КЗ в.в чл.45 ст.1 од КЗ и

II

Во периодот од 16.03.2022 година до 22.03.2023 година како администратор на Facebook страната на Здружението КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ИВАН МИХАЈЛОВ Битола со url линк: https://www.facebook.com/profile.php?id=100064038543612, свесен дека преку компјутерски систем во јавноста шири репрезентација на идеја или теорија која промовира и поттикнува омраза и дискриминација врз основа на етничка припадност, јазик, и други видови уверувања, се согласил со тоа, па на Facebook страната на Здружението КУЛТУРЕН ЦЕНТАР ИВАН МИХАЈЛОВ Битола, континуирано објавувал постови со кои се негира посебноста на македонскиот народ и јазик и историската

улога на борците од народно ослободителната антифашистичка војна 1941-1945 во создавањето на независната македонска држава, при што:

- На 02.11.2022 година обвинетиот како администратор, како реакција на отворањето на македонскиот клуб во Благоевград, на бугарски јазик објавил текст од Иван (Ванчо) Михајлов напишан во Италија на 11.03.1990 година во кој меѓу другото стои *Македонската нација и македонскиот јазик не постојат. Тие се измислица на фантазии како српската за да се користат како аргументи пред луѓе кои не го знаат ни минатото ни сегашноста.....Денешната така наречена Република Македонија во себе содржи бројни неправа и фалсификати*
- На 10.09.2022 година на бугарски јазик обвинетиот како администратор, објавил фотографии од девојки и момчиња - подржувачи на ВМРО БНД како полагаат цвеќе на гробот на Иван (Ванчо) Михајлов и неговата сопруга со текст на бугарски јазик кој меѓу другото ги означува тие девојки и момчиња како продолжувачи на делото на Иван (Ванчо) Михајлов
- На 13.08.2022 година, на бугарски јазик обвинетиот како администратор објавил текст со содржина *Долу експонентите на Србизмот, Димитар Влахов, Лазар Колишевски и Михајло Апостолски и нивните другари-* сите учесници на првото Заседание на АСНОМ и членови на Президиумот на АСНОМ
- На 30.07.2022 година на бугарски јазик обвинетиот како администратор, објавил интервју на Иван (Ванчо) Михајлов дадено на новинар на весникот *Хрватска* во 1970 година во кој меѓу другото стои цитат според кој *Младите во Југославија биле под влијание на фалсификувана пропаганда со цел искривување на вистината за македонското ослободително движење и националниот идентитет на Македонските Словени. Движењето се нарекувало Македонско само поради областа, иако во него учествувале само Бугари и до некаде Романци...*
- На 27.07.2022 година на бугарски јазик обвинетиот како администратор објавил текст со кој се негира историскиот развој на македонскиот јазик како посебен јазик и се наведува дека *Тито е таткото, Блаже Конески мајката, а Хорас Лент акушерката на "новосоздадениот македонски јазик"*"
- На 17.04.2022 година на бугарски јазик обвинетиот како администратор објавил текст со следната содржина: *Како што Путин ги создаде Доњетската Народна Република и*

*Луханската Народна Република во окупираниот Донбас, така Тито ја создаде Македонската Народна Република Македонија во нашата окупирана татковина*

- На 16.03.2022 година, на бугарски јазик обвинетиот како администратор објавил текст со следната содржина *Ако воопшто треба да се прави аналогија, тоа е меѓу создадената на бугарска етничка територија во 1945 година Народна Република Македонија и Донецката Народна Република создадена од Рускиот окупатор, како што Македонската "Народна Република" беше создадена од рускиот окупатор,*

со што обвинетиот промовирал и поттикнувал омраза и дискриминација спрема наследниците, почитувачите и продолжувачите на Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија 1941-1945 и спрема припадниците на македонскиот народ чиј мајчин јазик е македонскиот,

Со кои дејствија обвинетиот сторил едно продолжено кривично дело *Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем* од член 394-г од КЗ вв чл.45 ст.1 од КЗ

Затоа

П Р Е Д Л А Г А М

Пред Основниот суд во Битола како стварно и месно надлежен суд, согласно член 25 и член 26 од ЗКП и член 31 ст.1 од Законот за судовите да се закаже и одржи главна расправа на која ќе се изведат следните докази:

- Испитување на сведокот Горан Садикаријо од Скопје, бул. 8ми Септември бр.8/2-28
- Испитување на сведокот Стефан Бошков од Битола, ул. "Илинденска" бр.69
- Испитување на сведокот Зоран Георгиев, од Битола, ул. Илинденска бр.11/5
- Испитување на сведокот Ламбе Алабаковски од Битола, ул. Охридска бр. 109
- Допис од Министерство за правда бр. 11-812/2 од 27.03.2023 година
- Јавен протест бр. 03-46-1 од 15.04.2022 година од Сојуз на борците на НОАВМ 1941-1945 година и граѓаните продолжувачи Општински одбор Битола

- Допис од Комисија за спречување и заштита од дискриминација бр.08-368/21 од 17.10.2022 година со прилог Мислење бр. 08-368/20 од 13.10.2022 година и Стручно мислење од ЈНУ Институт за национална историја бр.02-242/2 од 31.08.2022 година и

  -Манифестот од Првото Заседание на АСНОМ до Македонскиот народ од 02.08.1944 година

  -Проглас од Првото заседание на АСНОМ до Македонскиот народ за одржаното заседание и донесените одлуки на АСНОМ од август 194 Мислење бр. 08-368/20 од 13.10.2022 година

  -Извод од Централен Регистар бр.08-258/2 од 07.06.2022 година

  - Допис од СВР Битола бр.22.22.4.2 од 10.08.2022 година со ПРИЛОГ ЦД од увид бр. 22.1070

  -Допис од СВР Битола бр.22.22.4.1/6571-2 со ПРИЛОГ Записник за пронајдени траги и предмети од 19.12.2022 година, Известување за настан бр. 22.1676 од ОКТУПА при СВР Битола и ДВД за увид бр. 22.1676

  -Допис од ЦР бр.08-209/2 од 20.04.2023 година и

  -извод на име на обвинетиот

По оценка на доказите што ќе се изведат на главната расправа, предлагам обвинетиот да биде огласен за виновен за кривичните дела што му се ставаат на товар и да биде осуден според законот.

ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Оливера Нечаковска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО БИТОЛА